Бр. 07-56/26

Врз основа на член 15 и член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен Весник на Република Македонија бр. 04/05) и член 205 од Законот за општата управна постапка (Службен Весник на Република Македонија бр. 38/05), постапувајки по службена должност против Скопски Пазар АД Скопје во постапката за утврдување на злоупотреба на доминантна позиција на пазарот, при формирањето и наплатувањето на цените за издавање на тезга под закуп на пазарите на мало, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на ден 19.10.2005 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека Скопски Пазар АД Скопје ја злоупотребува доминантната позиција на пазарот, на начин што од 2003 година формира и наплатува превисоки цени за издавање на тезги под закуп на пазарите на мало на територијата на град Скопје.

2. Се забранува Скопски Пазар АД Скопје да ги применува цените формирани со Одлука бр. 02-320/4 од 04.04.2005 година, за изменување и дополнување на Одлуката и Тарифникот за утврдување на висина на надоместоци за услуги на пазарите бр. 02-420/6 од 09.04.2003 година, за издавање на тезги под закуп на пазарите на мало.

3. Се наложува Скопски Пазар АД Скопје формирањето на цените за издавање на тезги под закуп на пазарите на мало да го изврши врз основа на трошковниот принцип, во рок од 30 дена од конечноста на ова решение.

4. Во случај на непостапување по условите на точка 2 и 3 од ова решение, ќе бидат преземени дејствија заради примена на казнените одредби од член 47 од Законот за заштита на конкуренцијата.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за заштита на конкуренцијата заради вршење на овластувањата утврдени со Законот за заштита на конкуренцијата прибави податоци и изврши анализа на состојбите и организираноста во вршењето на комуналната дејност - одржување и користење на пазарите на мало на територијата на град Скопје, а со цел да се утврди начинот на формирање и применување на цените за издавање под закуп на тезгите на овие пазари.

Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 30.08.2005 година донесе Заклучок за поведување на постапка против Скопски Пазар АД Скопје заради утврдување на евентуална злоупотреба на доминантната позиција на пазарот при формирањето на крајната цена што ја наплатува од корисниците на тезги на пазарите на мало.

Во постапката за утврдување на злоупотреба на доминантната позиција се појде од фактот дека Скопски Пазар АД Скопје има доминантна позиција на пазарот во вршењето на комуналната дејност - одржување и користење на пазарите на мало на територијата на град Скопје, во смисла на член 13 од Законот за заштита на конкуренцијата. Според Законот за комунални дејности и Законот за локална самоуправа, вршењето на комуналните дејности, како дејности од јавен интерес, општините можат да го делегираат и на правни и физички лица врз основа на договор за извршување на работи од јавен интерес, во согласност со законот. Скопски Пазар АД Скопје, како акционерско друштво во приватна сопственост, за вршењето на оваа комунална дејност нема склучено договори со општините на чија територија се наоѓаат пазарите на мало.

Скопски Пазар АД Скопје цените на пазаришните услуги односно висината на надоместоците за услугите на пазарите ги формира самостојно со одлука на Управниот одбор на друштвото. Овие цени ги утврдува со Тарифник, при што истите се различни и пооделно определени за секој пазар. Во цената за издавање на тезга под закуп е содржан пазаришен надомест и резервација. Иако со заклучокот за поведување на постапка Скопски Пазар АД Скопје беше задолжен до Комисијата да достави критериуми за формирање на цените на услугите и калкулација на истите, истиот не достави такви податоци. Од ова произлегува дека Скопски Пазар АД Скопје цените на услугите не ги формира врз трошковен принцип и при нивното формирање ја злоупотребил доминатната позиција на пазарот, особено преку наплатување на посебен надомест за резервација на тезга. Истата се обезбедува преку одредбите на договорот што Скопски пазар АД Скопје како закуподавец го склучува со корисниците на тезги како закупци. Во член 3 од типскиот договор за закуп на тезга точно се определува за која тезга како продажно место се склучува договорот и која дејност ќе се врши на тезгата. Надоместот за резервација што го наплатува Скопски Пазар АД Скопје за издавање на тезга под закуп изнесува од 640 до 2640 денари, зависно од пазарот, типот на тезгата и намената на тезгата. Резервацијата сама по себе не претставува услуга што може да се оправда со посебни трошоци и неможе да биде критериум за определување на цена. Не постои економска оправданост резервацијата да биде вклучена во калкулацијата заедно со другите трошоци.

Од прибавениот Биланс на успех за 2004 година и од прегледот на приходи, трошоци и добивка за 2004 година од работењето на пазарите на Скопски Пазар АД Скопје, се утврди дека Скопски Пазар АД Скопје во 2004 година од работењето на пазарите остварува нето добивка од xxxxx*,00 денари која во однос на вкупните приходи од пазарите изнесува xxxx*. Оттука произлегува дека оваа добивка не е резултат само на успешно работење на претпријатието, туку е резултат и на доминатната позиција, а што не би можел да ја остварува доколку на пазарот постои конкуренција.

Заради утврдување на целосна и правилна фактичка состојба се изврши увид во прибавените податоци од Скопски Пазар АД Скопје и тоа: Допис достава на податоци бр. 17-94/1 од 02.11.2004 година; Статут на Скопски Пазар АД Скопје бр. 02-846/7 од 28.06.2002 година и измени и дополнувања бр. 02-550/5 од 10.05.2003 година; биланс на успех и биланс на состојба за 2003 година; Решение за основање на Управа на пазарите во Скопје од бр. 3697 од 09.05.1952 година; Известување за разврстување на организацијата-заедницата по дејности бр. 01-3037/1 од 20.12.1976 година; Извод од единствениот регистар на организациите-заедниците бр. 01-3037/2 од 5.10.1981 година; Известување за разврстување на организацијата-заедницата по дејности бр. 01-3037/3 од 14.03.1986 година; Извод од единствениот регистер на организациите-заедниците за извршена промена бр. 01-3037/4 од 30.12.1989 година; Извод од единствениот регистер на организациите-заедниците за извршена промена бр. 01-3037/5 од 05.07.1990 година; Извод од регистерот за извршена промена бр. 01-3037/6 од 11.06.1991 година; Извод од регистарот на организациони единици за извршената промена бр. 01-3037/7 од 24.11.1995 година; Известување за распоредување по дејности и воведување во регистарот на организациони единици бр. 01-3037/8 од 25.07.1997 година; Решение за извршена промена кај деловните субјекти бр. 01-3037/9 од 04.11.1998 година; Решение за извршена промена кај деловните субјекти бр. 01-3037/10 од 19.03.2002 година; Решение бр. 15-230/447-95 од 26.11.1996 година на Владата на Република Македонија, за давање на согласност за отпочнување на постапка за трансформација на АД Скопски Пазар Скопје; Решение на Агенцијата на РМ за трансформација на

* Деловна тајна

претпријатијата со општествен капитал бр. 09-5202/3 од 28.01.1997 година; Потврда на Агенцијата на РМ за приватизација бр. 09-153/1 од 08.08.2001 година; Потврда на Агенцијата на РМ за приватизација бр. 09-174/1 од 26.09.2001 година; Извештај за работењето на Скопски Пазар АД Скопје во периодот 01.01-30.12.2003 година; Преглед на прометот за 2003 година; Пазарен ред бр. 02-470 од 03.04.2002 година за вршење на услуги на трговија на мало во пазарите на мало во Скопје; Одлука бр. 02-420/6 од 09.04.2003 година и Тарифник за утврдување на висина на надоместоци за услугите на пазарите; Одлука бр. 02-110/6 од 06.02.2004 година за изменување и дополнување на Тарифникот за висина на надоместоци за услугите на пазарите и Предлог за измена и дополнување на Тарифникот за надомест за услуги во пазарите; Одлука бр. 02-420/6 од 09.04.2003 година со Тарифник за утврдување на висина на надоместоци за услуги на пазарите; преглед на пазари со кои стопанисува Скопски Пазар АД Скопје; дополнителни податоци за површината на пазарите со кои стопанисува Скопски Пазар АД Скопје, деловен простор и број на тезги врска 17-94/14 од 08.11.2004 година; Допис известување бр. 05-443/2 од 29.04.2005 година; Преглед на приходи, трошоци и добивка за 2004 година; Тарифник за утврдување на висина на надоместоци за услугите на пазарите со стара и нова цена; Допис известување бр. 07-56/8 од 29.07.2005 година; Биланс на Успех за 2004 година; Допис известување бр. 03-988/2 од 12.09.2005 година; Образец 1 од прилог кон преписот на решението за упис во Трег. Бр. 1436/97 од 22.07.1997 година; Решение на Основен суд Скопје 1 Скопје П. трег. Бр. 451/2002 од 25.01.2002 година; Образец 1 од прилог кон преписот на решението за упис П. трег. Бр. 451/2002 од 25.01.2002 година; Решение за извршена промена кај деловните субјекти и утврдување претежна дејност бр. 01-3037/10 од 19.03.2002 година издадено од Државен завод за статистика; Решение за исполнување на условите за вршење на дејност бр. 16-31/618/3 од 11.07.2002 година; примерок од Договор за закуп на тезга-бокс како продажно место (индивидуален земјоделски производител); примерок од Договор за закуп на тезга-бокс како продажно место (регистрирана фирма, трговец поединец, занаетчија); Одлука бр. 03-320/4 од 04.04.2005 година за изменување и дополнување на Одлуката и Тарифникот за висина на надоместоци за пазаришни услуги и Тарифник за утврдување на надоместоци за услуги на пазарите со стара и нова цена.

Врз основа на совесна и грижлива оценка на секој доказ посебно и сите докази заедно, како и врз основа на резултатите на целокупната постапка се утврди следната фактичка состојба:

На територијата на град Скопје единствено претпријатие кое што врши комунална дејност - одржување и користење на пазарите на мало е Скопски Пазар АД Скопје, што значи дека релевантен географски пазар е територијата на Град Скопје, а релевантен пазар на производ е вршењето на комунална дејност -одржување и користење на пазарите на мало, односно издавање на тезги под закуп на пазарите на мало.

Врз основа на наведеното, а имајќи го во предвид член 13 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата произлегува дека Скопски Пазар АД Скопје има доминантна позиција на пазарот во вршењето на комунална дејност-одржување и користење на пазарите на мало, односно во издавање на тезги под закуп на пазарите на мало.

Ваквата доминантна позиција на пазарот Скопски Пазар АД Скопје ја злоупотребува на начин што од 2003 година за издавање на тезги под закуп на пазарите на мало, формира и наплатува превисоки цени кои што не се реално оправдани односно не се формирани врз основа на трошковен принцип.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека Скопски Пазар АД Скопје ја злоупотребува

доминантната позиција на пазарот согласно одредбата од член 14 став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Со оглед на тоа дека злоупотребата на доминатната позиција со член 14 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата е забранета, следуваше да се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на конкуренцијата во рок од 15 дена од приемот на решението. Жалбата се поднесува до Комисијата за заштита на конкуренцијата непосредно или по пошта.

**Претседател**
**Панче Бардаров**